ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Арачиново

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (637) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- извршените градежни работи - изградба и реконструкција на улици и патишта се без одобрение за градба и основен проект, а ставањето во употреба на градбите е без извршен записник за примопредавање;
- не евидентирање на недвижниот имот сопственост на општината;
- необезбедена соодветна поткрепувачка документација за дел од евидентираните расходи.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (637) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
/

**Клучни препораки:**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:
- обезбедување на одобрение за градба, пред започнување на активностите за изградба на објекти во кои инвеститор е општината и планирањето на градбите и нивната изведба да се врши врз основа на проект согласно Законот за градење;
- земјиштето и изградените објекти со кое располага општината да се евидентира во сметководствената евиденција на општината;
- промените во деловните книги да бидат врз основа на комплетни и веродостојни сметководствени

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот бр.133/2 од 25.01.2023 гоидина на сметка на основен буџет (637) за 2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018